Халкбанк АД Скопје е брзорастечка банка составена од тим од млади, амбициозни и мотивирани вработени. Во согласност со нашата стратегија, ние сме секогаш отворени за нови, едуцирани, трудољубиви, високо мотивирани и талентирани кандидати за вработување. Истовремено, на членовите на нашиот тим им нудиме одлични работни услови, конкурентни примања и бенефиции, како и континуиран кариерен и професионален развој, кои што ја рефлектираат улогата на Банката како водечка финансиска институција во локалниот финансиско-банкарски сектор.

Согласно тековните потреби, процеси и активности во Халкбанк АД Скопје, објавуваме оглас за прием на новоавработени лица на следната работна позиција:

# Референт во Дирекција за Информациска Сигурност

## Референца Бр. 016/2024

**Основните квалификации и барања кои кандидатот треба да ги исполнува за оваа позиција се:**

- Завршено најмалку Високо образование од областа на информатиката и компјутерските науки или искуство во ИТ ревизија;
- Со и без работно искуство;
- Одлични познавања на англиски јазик за континуирана комуникација, пишување и читање;
- Возачка дозвола Б категорија.

**Истовремено, кандидатот пожелно е да ги поседува следните познавања, вештини и квалификации:**

- Познавање на Windows околина;
- Познавање на Linux ќе се смета за предност;
- Познавање на мрежни протоколи и анализа на мрежен сообраќај;
- Активно го следи развојот на стандардите, технологијата, како и заканите од дигиталниот простор;
- Подготвен да учи и да работи со најнова компјутерска технологија;
- Професионален пристап кон работните обврски;
- Ефикасно управување со време, приоритети и почитува рокови;
- Чесност и доверливост;
- Одлични комуникациски вештини;
- Ориентираност кон решавање на проблеми, креативно и критичко размислување;
- Способност за тимска работа;
- Аналитичност;
- Поседување на релевантни сертификати од областа на сигурноста ќе се смета за предност;
- Искуство во пратење и имплементација на стандарди, PCI DSS, ISO 27001, ITIL, COBIT ќе се смета за предност.

**За оваа работна позиција, кандидатот пожелно е да поседува работно искуство, познавање и способности за вршење на дел од следните работните задачи, кои што ќе бидат должност на вработениот ангажиран на горенаведената позиција:**

- Комуницира со сите Организациски единици и врши проценка и анализа на информативни ризици;
- Спроведува, објаснува и документира нови концепти, проекти, системи и процеси;
- Учествува во решавање на инциденти и решавање на проблеми;
- Работи на одржување на свеста за ризиците кај вработените;
- Врши преглед на инциденти поврзани со влошување на системот за информациска сигурност, слабости и грешки во системот на Банката;
- Употребува корелациони алатки за да ги разгледа сите ревизорски траги и други релевантни форми на записи, чувани во ИТ системите на Банката;
- Асистира во развој, имплементација и промоција на Планот за континуитет во работењето (ПКР) и План за обнова од катастрофи (ПОК);
- Врши внатрешни и надворешни проценки на ранливостите по информативните системи, скенира со автоматизирани алатки и следи напредок во спроведувањето на препораките;
- Учество во проекти за унапредување на процесите, како и за останати активности и тековни ангажмани во рамките на Дирекцијата.

**Бенефиции:**

- Приватно здравствено осигурување;
- Политика за наградување преку системот на бонуси;
- Континуирани обуки за кариерен и професионален развој;
- Динамична работна средина;
- Продуктивно работно опкружување;
- Редовни тим билдинг и спортски активности и настани за дружење;

Доколку сте заинтересирани за позицијата, ве охрабруваме да аплицирате најдоцна до **13.06.2024 година** на следниов е-маил: career@halkbank.mk со назнака: **Референца Бр. 016/2024 –Референт во Дирекција за информациска сигурност.**

За да аплицирате, потребно е да ни доставите ваше резиме (CV) на англиски јазик со фотографија. Сите останати начини на аплицирање ќе се сметаат за невалидни.

Со доставувањето на вашата апликација потврдувате дека прифаќате вашата апликација и лични податоци да бидат земени во предвид за идните потреби од нови вработувања на Банката во рок од 1 (една) година.

Напомена: Во процесот на селекција, само кандидатите кои ќе влезат во потесниот круг на селекција ќе бидат контактирани и повикани на интервју.